Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-84/1
Охрид, 27.1.2022 год.

Врз основа член 94 од Законот за високото образвоние („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и 197/2021) и член 17 од Правилникот за техничките и организациските мерки за информацискиот систем и информатичката структура за безбедност при обработка на личните податоци во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, а во врска со член 21 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 122/20), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на седницата одржана на ден 27.01.2022 година донесе

Правилник
За пријавување, реакција и санирање на инциденти во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на сигурносни инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци кои се обработуваат во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид (во натамошниот текст: Универзитетот), во својство на контролор.

Член 2

Секое овластено лице е должно веднаш да го пријави на администраторот на информатичкиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа не е можно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информатичкиот систем каде што се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на овластеното лице коешто го пријавило инцидентот;
- име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

Во функција на побрзо превземање мерки за отстранување на инцидентот, покрај неговото пријавување во електронска форма односно по пат на писмено известување, препорачливо е за настанатиот инцидент, овластеното лице да го извести администраторот на информацискиот систем во Универзитетот и по телефонски пат.

Член 3

По приемот на пријавата за инцидент, администраторот на информатичкиот систем веднаш односно истиот ден започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на неговото повторување во иднина.

За пријавата како и за тоа колкава е тежината и обемот на настанатиот инцидент администраторот на информацискиот систем ги известува претпоставените.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информатичкиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

Член 4

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или на сите лични податоци содржани во информатичкиот систем, истите ќе бидат повторно внесени/вратени во информатичкиот систем, со користење на сигурносните копии (backup) кои се чуваат кои се чуваат на network storage во одделна просторија кај контролорот.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или на сите лични податоци содржани во информатичкиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

Член 5

При повторното внесување/враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информатичкиот систем се врши од страна на овластените лица, врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на ректорот на Универзитетот.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а ќе биде објавен и на веб-страната на Универзитетот.

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Универзитетот за информатички науки и техологии „Св. Апостол павле“ Охрид, бр.01- 757/1 од 28.06.2013 година.

Претседател на Универзитетски сенат
Вонр. проф. д-р Атанас Христов, с.р.